КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-40/1
22.02.2023 год.
СКОПЈЕ

# МИСЛЕЊЕ

за консолидирана годишна сметка
на Друштвото за ревизија Грант Торнтон Доо Скопје

Друштвото за ревизија Грант Торнтон Доо Скопје, во текот на месец јануари 2023 година изврши ревизија на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година, којашто вклучува консолидиран биланс на состојба и консолидиран биланс на успех, изработена во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија, а врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.
Ревизијата на консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Законот за трговски друштва, Меѓународните стандарди за ревизија (прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр.79 од 11 јуни 2010 година) и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење на ревизијата ревизорите, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на Консолидираната годишна сметка, вклучија соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во Консолидираната годишна сметка.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од консолидираниот биланс на состојба и консолидираниот биланс на успех.

Раководството на Комерцијална банка АД Скопје е одговорно за подготвување и објективно презентирање на Консолидираната годишна сметка изготвена врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.

Со задоволство го прифаќаме Мислењето за Консолидираната годишна сметка на Друштвото за ревизија Грант Торнтон Доо Скопје, според кое Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2022 година е подготвена, во сите материјални аспекти, врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.

ЗАМЕНИК - ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Таки Фити

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД
СКОПЈЕ
03